FOSTER

INCLUSION OF FOREIGNERS IN THE WESTERN BALKANS
ACCESS TO SOCIAL AND ECONOMIC RIGHTS

This project is funded
by the European Union

# „Инклузија на странците во Западен Балкан пристап до социјални и економски права (ФОСТЕР)"

## Носител

Македонско здружение на млади правници (МЗМП), Северна Македонија

## Партнери

Група 484, Србија; Белградски центар за човекови права, Србија; Албански хелсиншки комитет, Албанија; Правен центар, Црна Гора; Ваша права, Босна и Херцеговина; Програма за граѓански права, Косово и Дански совет за бегалци

## Соработници

Комисија за спречување и заштита од дискриминација на Северна Македонија; Заштитник на човековите права и слободи на Црна Гора; Заштитник на граѓаните на Република Србија; Комесар за заштита на еднаквоста, Србија; Народен правобранител на Косово;

## Период на имплементација

**1 Март, 2023 година – 31 Август, 2026**

## Информации за проектот

Проектот е изработен од 7 граѓански организации (ГО) кои се членки на Балканскиот совет за бегалци и миграција (BRMC)[1] и Данскиот совет за бегалци (ДРЦ) за да се справат со заедничките предизвици поврзани со миграцијата во регионот на Западен Балкан, со фокус на основните човекови права на ранливи групи на мигрантите и странците а особено нивниот пристап до социјалните и економските права.

Во извештаите на ЕУ, состојбата во земјите од Западен Балкан се уште се обележува со значителни недостатоци во исполнувањето на клучните политички критериуми. Регионот се наоѓа во рана фаза на подготовка за слободно движење на работниците и пристапот до пазарот на трудот. Со иницијативата Отворен Балкан и Берлинскиот процес, се очекува да се интензивираат миграциските движења во регионот. Но и покрај тоа што институциите и законодавството за заштита и унапредување на човековите права и слободи и заштита од дискриминација се развиени и во голем дел усогласени со законодавството на ЕУ, во пракса, обезбедувањето еднакви можности, особено за странците и маргинализираните групи, претставува предизвик.

Проектот ќе ги зајакне капацитетите на ГО и независните институции за човекови права (IHRI) да придонесат во креирање политики, промоција и заштита човекови права на странците и нивно вклучување во одржливиот социјален и економски развој на регионот на ЗБ. ГО ќе стекнат знаења и вештини за развој и спроведување на национални и регионални проекти и документи за застапување за подобрување на социјалните и економските права на ранливите странци.

## Главната цел

*Усогласување со принципите на ЕУ за човекови права преку развој на инклузивни и недискриминаторски политики и ефективни практики за вклучување за ранливите категории странци како предуслов за успешен процес на приближување кон ЕУ и одржлив развој на Западен Балкан.*

## Активности

- *Идентификација на ГО и проценка на нивните капацитети за испораката на услуги и заштитата на права.*
- *Градење капацитети и вмрежување на ГО и независните институции за човекови права низ ЗБ со фокус на застапување, промоција и заштита на социјалните и економските права и пристап до услуги за ранливи странци*
- *Поддршка на до 24 национални и 6 регионални проекти за заштита на основните права на странците и менторство на ГО*
- *Активности за застапување за усогласување на политиките, правната рамката и праксата во ЗБ*

## Целни групи

Локални ГО и независни институции за човекови права во земјите на ЗБ

## Крајни корисници

Ранливи странци во земјите од Западен Балкан (регуларни и нерегуларни мигранти, бегалци, жртви на различни кривични дела); релевантни владини институции и организации, судови, медиуми, академиската заедница и граѓаните на Западен Балкан.

1 Македонското здружение на млади правници (МЗМП), Група 484, Белградски центар за човекови права (BCHR), Програмата за граѓански права Косово (CRP/K), Ваша права Босна и Херцеговина (VP BiH) се членови на мрежата Балкански совет за миграција на бегалци ( BRMC)

BALKAN REFUGEE AND MIGRATION COUNCIL

DRC DANISH REFUGEE COUNCIL